РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-1153/9
26.03.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## ЗАПИСНИК
## од прво продолжение на 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржано на 20.03.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Горан Радуновиќ, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Г-дин Петрушевски најави дека на седницата ќе се разгледува Точката бр. 7 од Дневниот ред за 9-та седница, која беше одложена, со наслов - Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА од Скопје.

Г-дин Трајчевски образложи дека согласно дилемата на Советот од 9-та седница по однос доставените документи, новиот сопственик достави своерачно потпишани Изјави и со тоа се отстранети дилемите кои што беа отворени околу тоа дали може да се одобри промената на сопственичката структура. Објасни дека во материјалите по точката како прилог е содржано и мислење од адвокатска канцеларија.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје.

Со предложените промени на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје, не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗААВМУ, односно оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од истиот Закон.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, по гласањето на новиот сопственик му посака успех во понатамошното работење.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**